Врз основа на член 18 став 1 алинеја 3 и член 20 став 1 алинеја 10, а во врска со член 41 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија “, бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), член 15 став 1 алинеја 3 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година согласно Заклучокот на Советот, бр.02-4845/6 од 07.10.2014 година, одлучувајќи по Барањето за издавање одобрение за промена на сопственичка структура на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДОО Скопје, бр.02-394 од 19.09.2014 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 12-та седница одржана на 07.10.2014 година донесе:

**ОДЛУКА**

1. СЕ ДОЗВОЛУВА промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДОО Скопје и тоа:

1.1 <u>за истапување на физичките лица</u>:

- Авдула Меметај со ЕМБГ 0704955450024 и со адреса на ул. „Љуботенска“ бр.4 во Скопје, со учество од 41% во основната главнинина односно 1.804.100,00 денари и
- Арлинда Меметај со ЕМБГ 3007972455062 и со адреса на ул. „Љуботенска“ бр.4 во Скопје, со учество во основната главнина од 59% односно 2.596.100,00 денари, и

1.<u>2 за пристапување на правното лице</u>: Друштво за трговија и услуги МЕДИА ВОРЛД НЕВС ДООЕЛ Скопје, со ЕМБС: 6660681, со седиште на ул."Благоја Паровиќ„ бр.22 – Скопје, со учество во основната главнина: 4.400.200,00 денари односно 100%.

2. Се задолжува Трговското радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДОО Скопје, по извршената промена, наведена во точка 1 на оваа Одлука, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достави актуелна тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Трговското радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДОО Скопје, согласно член 41 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“, бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), со поднесување Барање за издавање одобрение за промена на сопственичка структура, бр.02-394 од 19.09.2014 година, ја извести Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за неговата намера да спроведе промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДОО Скопје.

Со оглед дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, констатираше дека со спроведувањето на промената во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДОО Скопје, не се создава недозволена медиумска концентрација односно дека оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 и 38 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по поднесеното Барање за издавање одобрение за промена на сопственичката структура,

бр.02-394 од 19.09.2014 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе одлука како во диспозитивот.

Бр. 02-394

07.10. 2014 година

Скопје

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**

**Претседател на Совет на Агенција,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Упатство за правно средство**: Против оваа одлука, радиодифузерот доколку не е задоволен од истата, има право во рок од 30 дена од денот на доставувањето на одлуката да поднесе тужба до надлежниот суд.

**Доставено до:**

1. Трговското радиодифузно друштво Трговското радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДОО Скопје;
2. Секторот за истражување и долгорочен развој;
3. Секторот за правни работи;
4. Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на уписникот Уп 1.